Република Северна Македонија

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски бр. 08-383/1
Дата: 01-06-2023

Поаѓајќи од универзалноста и уставната загарантираност на правото на еднаквост и забраната на дискриминацијата, домашната и меѓународната легислатива, а имајќи ја предвид утврдената фактичка состојба и моменталната пракса на релевантните државни институции, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на чл. 28 од Законот за спречување и заштита од дискриминација упатува

# ОПШТА ПРЕПОРАКА

**Комисијата за спречување и заштита од дискриминација им препорачува на Владата на Република Северна Македонија и Министерството за образование и наука да обезбедат системски, одржлив и континуиран пристап до правото на користење беспатен јавен превоз на редовните студенти запишани на додипломски студии на приватните универзитети во државата, на еднаква основа со редовните студенти запишани на додипломски студии на државните универзитети.**

**Комисијата препорачува Владата на Република Северна Македонија во иднина да го почитува и промовира правото на еднаквост на сите лица или групи лица при процесот на креирање и спроведување на мерки, активности и политики во сите области.**

**Еднаквоста** подразбира рамноправност на сите луѓе во однос на уживањето на основните права и слободи без ограничувања, засновано врз одредени лични карактеристики, а **дискриминацијата** претставува секое постапување што предизвикува нееднаков третман, кое не е легитимно и пропорционално основано, на начин што одредено лице или група се исклучуваат, ограничуваат или им се дава предност во уживање на основните права и слободи, засновано врз одредени лични обележја.

**Еднаквоста** е општоприфатен концепт на универзална примена на основните права и слободи и во тој контекст, еднаквоста претставува заштита на поединецот наспроти дискрриминаторското дејствување на државата преку инструментите на власт или трети лица. Еднаквоста е споредбен концепт, односно поединците можат да утврдат дали постои еднаквост само на начин што ќее ја споредат нивната состојба со состојбата на другите.

Во конкретниот случај, постапувајќи по две претставки за заштита од дискриминација поднесени од редовни студенти на додипломски студии на приватни универзитети за неможноста да користат бесплатен јавен превоз на еднаква основа со редовните студенти запишани на додипломски студии на државните универзитети, Комисијата донесе Мислење со кое утврди директна продолжена и индиректна продолжена дискриминација врз основа на личен и општествен статус – редовни студенти запишани на додипломски студии на приватните универзитети во областа пристап до добра и услуги во образованието, односно пристап до право на бесплатен превоз.

**Уставот на Република Северна Македонија** во членот 9 ја гарантира еднаквоста на сите граѓани:

*Граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување; имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.*

**Меѓународниот пакт за граѓански и политички права** во членот 26 исто така ја гарантира еднаквоста и забраната за дискриминација:

*Сите се еднакви пред законот и имаат право на подеднакви заштита без какво и да е дискриминација. Во овој поглед законот ќе забрани секаква дискриминација и ќе им гарантира на сите лица подеднаква и успешна заштита против секоја дискриминација, особено на основа на раса, боја на кожа, пол, јазик, вероисповед, политичко или било кое друго мислење, национално или општествено потекло, имот, раѓање, или некоја друга состојба.*

Членот 14 од **Европската конвенција за заштита на човековите права** децидно упатува на забрана од дискриминација:

*Забрана за дискриминација*

*Уживањето на правата и слободите, признати со оваа Конвенција, треба да се обезбеди без никаква дискриминација заснована врз пол, раса, боја на кожата, јазик, вера, политичко или кое и да е друго мислење, национално или социјално потекло, припадност на национално малцинство, материјална положба, потекло по раѓање или кој и да е друг статус.*

Во **Законот за високото образование**, членот 26 го дефинира статусот на секој студент, без да прави каква било разлика во зависност од видот на универзитетот на кои се запишани и ја следат наставата:

*Статусот на студент, а со тоа и член на академската заедница се стекнува со запишувањето на прв, втор и трет циклус на студии на универзитет, односно на самостојната висока стручна школа.*

Во членот 27 од истиот закон, каде се утврдуваат правата и обврските на студентот, во точка 6 од ставот 2 стои:

Студентот *користи услуги на студентскиот стандард (сместување, исхрана, здравствена заштита и друго), градски и меѓуградски превоз според условите утврдени со закон од вршителите на соодветните дејности.*

Оттука евидентно е дека во Законот за високото образование не се прави никаква разлика при дефинирањето на статусот и правата и обврските меѓу студентите запишани на државните и приватните универзитети.

**Законот за студентскиот стандард**, со кој се уредува дејноста студентски стандард – сместување во студентски домови и стипендирање на студентите, исто така не прави разлика меѓу студентите запишани на државните и приватните универзитети во пристапот до овие услуги, обезбедувајќи им еднаков пристап до овие услуги, без никакво разликување.

**Законот за субвенциониран студентски оброк** како

*"корисници на субвенциониран студентски оброк"* ги смета сите *редовни студенти на додипломските студии на државните и приватните универзитети, државјани на Република Северна Македонија.*

Комисијата утврди дека **Владата на Република Северна Македонија** на седница одржана на 15.02.2020 година донела Одлука за одобрување на средства од Буџетот на Министерството за образование и наука за 2020 година бр. 44-1637/1 (Сл.весник на РСМ бр.41/2020), со која го задолжува МОН да исплати 120.000.000 денари на сметка на ЈСП Скопје **со цел покривање на дел од трошоците за бесплатен градски превоз на редовните студенти од државните универзитети за академската 2020/2021 година.**


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Иста ваква Одлука, на ист износ и со иста намена, Владата носи и следната година на седница одржана на 02.02.2021 година, бр. 40-1798/1 (Сл.весник на РСМ бр. 30/2021) за **покривање на дел од трошоците за бесплатен градски превоз на редовните студенти од државните универзитети за академската 2021/2022 година**.

Комисијата утврди дека ваква Одлука **не е донесена за академската 2022/2023**, со што **нееднаковиот третман на редовните студенти од приватните универзитети при користењето на услугата – бесплатен превоз за студенти, во однос на студентите од државните универзитети**, предизвикан од Одлуките на Владата траел во континуитет во академските 2020/2021 и 2021/2022 година, што согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација претставува дискриминација, завршил со завршувањето на буџетската 2022 година, а цитираните одлуки веќе не преизвикуваат правно дејство.

Комисијата дополнително утврди дека врз основа на **Заклучок на Владата на Република Македонија бр. 42-12665/1 од 12.12.2015** година, во рамките на Проектот за бесплатен превоз на студенти со кој **се порепорачува Град Скопје** од 01.01.2016 годинаа да овозможи **бесплатен превоз на редовните студенти од државните универзитети** преку ЈСП Скопје, Советот на Град Скопје во континуитет носи такви одлуки кои создаваат **нееднаков третман во пристапот кон услугата меѓу редовните студенти запишани на државните универзитети и оние од приватните универзитети**, започнувајќи од 2016 година заклучно со 2023 година.

Комисијата **препорачува** Владата на Република Северна Македонија да го ревидира погореспоменатиот Заклучок, со оглед дека истиот предизвикува нееднаков третман на студентите во зависност од тоа дали се запишани на некој од државните или приватните факултети, со цел да им овозможи на редовните студенти запишани на приватните универзитети, еднаков пристап до правото за користење на бесплатен превоз, на иста основа со редовните студенти од државните универзитети.

Според **Законот за спречување и заштита од дискриминација**, секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа кое резултира со спречување, ограничување во остварувањето на правото на еднаквост кај леце или група лица, претставува **дискриминација**. Законот под **директна дискриминација** подразбира секое постапување со кое едно лице или група лица се ставаат во понеповолна фактичка , слична или можно споредлива ситуација, врз дискриминаторска основа. Кога ваквите дискриминаторски практики или постапување траат непрекинато, во подолг временски период, согласно Законот се третираат како **продолжена дискриминација**, што претставува потежок облик на дискриминација.

Согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата има законска надлежност да го следи спроведувањето на општите препораки што ги упатува по сопствена иницијатива.

25.05.2023

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател

Исмаил Камбери

Доставено до:

- Заменик претседател на Влада за политики за добро владеење – Славица Грковска
- Генерален секретар на Влада – Методија Димовски

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROITJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република
Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of
North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk